**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03.10.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4252 | 1 | |

13:32

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот**: 28 септември и 1 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 3 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** („За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно 18 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за политичките партии на власт можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во опозиција можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група можат да одвојат една минута, а за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија можат да одвојат една минута“).

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 28 септември и на 1 октомври 2017 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик**. На еден реален час емитувана програма, ТВ Нова одвои повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање за политичките партии во опозиција.

На 28 септември 2017 година, во реалниот час од 23:00 до 24:00 часот, во два наврати емитуваше платено политичко рекламирање за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ со вкупно времетраење од 12 минути и 24 секунди, што е за 4 минути и 24 секунди подолго од дозволените 8 минути на реален час.

**28.09.2017**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 23:00:47- 23:06:32 | 00:05:45 | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. |
| 23:25:10- 23:31:49 | 00:06:39 | |
| **Вкупно:** | **00:12:24** | |

На 1 октомври 2017 година, во реалниот час од 23:00 до 24:00 часот, исто така, во два наврати емитуваше платено политичко рекламирање за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ со вкупно времетраење од 8 минути и 26 секунди, што е за 26 секунди подолго од дозволените 8 минути на реален час.

**1.10.2017**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 23:00:00 - 23:02:13 | 00:02:13 | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. |
| 23:21:27 - 23:27:40 | 00:06:13 | |
| **Вкупно:** | **00:08:26** | |

## 7. Опис на прекршувањето:

Спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, на 28 септември и на 1 октомври 2017 година, на еден реален час емитувана програма, одвои повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање за политичките партии во опозиција.

## 8. Предлог-мерка:

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) против програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето на одредбите од Изборниот законик.

***Сектор за програмски работи***